

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- Во кои постапки можете да побарате бесплатна правна помош?
- Што опфаќа бесплатната правна помош?
- Кој обезбедува бесплатна правна помош?
- Кои се условите за стекнување со право на бесплатна правна помош?
- Како се остварува правото на бесплатна правна помош?
- Каде можете да се обратите за дополнителни информации во врска со бесплатната правна помош?

## Во кои постапки можете да побарате бесплатна правна помош?

Во сите судски и управни постапки во кои се решава некое прашање од Ваш интерес од следните области:

- **Права од социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување;**
- **Права од работните односи;**
- **Заштита на деца и малолетници**;
- **Заштита на жртви на семејно насилство;**
- **Заштита на жртвите од казниви дела;**
- **Заштита на жртвите од трговија со луѓе;**
- **Имотно-правни прашања;**

## Што опфаќа бесплатната правна помош?

Бесплатната правна помош опфаќа:

**1. Претходна правна помош**
Правен совет и комплетирање на барањето за остварување на бесплатната правна помош.

**2. Правна помош**
Застапување во сите степени во судски и управни постапки и составување на писмена во судски и управни постапки. (подготовка на тужби, поднесоци, жалби и сл.)

## Кој обезбедува бесплатна правна помош?

Правен совет и помош при комплетирањето на барањето за остварување на бесплатната правна помош обезбедуваат **подрачните одделенија на Министерството за правда на Р.М** и **овластените здруженија на граѓани**.

Правна помош во застапување и составување на писмена во судски и управни постапки обезбедуваат **адвокати** запишани во регистарот на адвокати за давање на бесплатна правна помош достапен на www.pravda.gov.mk.

## Услови за стекнување со право на бесплатна правна помош

**Со право на бесплатна правна помош можете да се стекнете доколку сте:**
Државјанин на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија и сте корисник на:

- **Социјална помош;**
- **Инвалидски додаток,** а не остварувате други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности;
- **Најниска пензија,** а живеете во семејна заедница со две или повеќе лица кои се издржувани од Вас;

Право на бесплатна правна помош имате и доколку сте член на семејство или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на **детски додаток**.

Услов за остварување на правото е приходите кои ги остварувате по сите основи и членовите на Вашето домаќинство да не го надминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош. (На пример ако барањето сте го поднеле во март 2011, вашите приходи и на членовите на Вашето домаќинство треба да бидат до 10.215 денари, бидејќи просечната месечна плата за февруари 2011 изнесуваше 20.433 ден.).



# Како можете да го остварите правото на бесплатна правна помош?

## ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ

Постапката за стекнување на право на бесплатна правна помош започнува со поднесување на барање. Барањето се поднесува писмено на образец кој е достапен на www.pravda.gov.mk.



Образец

БАРАЊЕ
ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

А. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО И ЗА ЗАКОНСКИОТ ЗАСТАПНИК ИЛИ СТАРАТЕЛ

А.1 Податоци за подносителот на барањето

| | |
|---|---|
| ИМЕ | |
| ПРЕЗИМЕ | |
| СРЕДНО ИМЕ | |
| ДАТУМ НА РАЃАЊЕ | |
| МЕСТО НА РАЃАЊЕ | |
| ЕМБГ | |
| ПОШТЕНСКИ БРОЈ | |
| ОПШТИНА | |
| ДРЖАВА | |
| ДРЖАВЈАНСТВО | |
| ВИД НА ДОКУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА (лична карта или патна исправа) | |
| БРОЈ НА ДОКУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА | |
| МЕСТО И ОРГАН КОЈ ГО ИЗДАЛ | |
| МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | |
| АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ | |
| ПОШТЕНСКИ БРОЈ | |
| ОПШТИНА | |
| ДРЖАВА | |
| КОНТАКТ ТЕЛЕФОН | |

А.2 Податоци за законскиот застапник или старател

| | |
|---|---|
| ИМЕ | |
| ПРЕЗИМЕ | |
| СРЕДНО ИМЕ | |
| ДАТУМ НА РАЃАЊЕ | |
| МЕСТО НА РАЃАЊЕ | |
| ЕМБГ | |
| ПОШТЕНСКИ БРОЈ | |
| ОПШТИНА | |
| ДРЖАВА | |

5

| | | |
|---|---|---|
| 2.1.5. По вонредни правни лекови | ДА | НЕ |
| 2.1.6. Описно се наведува целта на водењето на постапката: | | |

6

7

Барањето се поднесува до надлежното подрачно одделение на Министерството за правда на Република Македонија.

Во прилог на барањето се поднесува и писмена изјава како и дозвола за увид во сите податоци за Вашата имотна состојба. Овие документи можат да се подготват во едно од здруженијата чиј контакти ги имате подолу. Во барањето можете да назначете кој адвокат да ве застапува со постапката.

# ОДЛУКА ПО БАРАЊЕТО

По барањето одлучува Министерот за правда на Република Македонија со решение. Со решението се определува и адвокатот притоа почитувајќи ја волјата на барателот на бесплатна правна помош.
Против решението со кое се одбива барањето незадоволната странка може да поведе управен спор.
Листа на контакти од подрачните одделенија на Министерството за правда на Р. М каде може да се обратете за обезбедување на бесплатна правна помош[1]:

| ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ | ТЕЛЕФОН |
|---|---|
| ПО Центар | 02/3166-525 |
| ПО Гази Баба | 02/3211-851 |
| ПО Карпош | 02/3067-737 |
| ПО Кисела Вода | 02/2779-065 |
| ПО Кичево | 045/225-172 |
| ПО Штип | 032/392-147 |
| ПО Берово | 033/471-345 |
| ПО Кавадарци | 043/414-785 |
| ПО Пробиштип | 032/482-156 |
| ПО Велес | 043/231-272 |
| ПО Гостивар | 042/212-300 |
| ПО Битола | 047/220-864 |
| ПО Дебар | 046/831-194 |
| ПО Охрид | 046/261-197 |
| ПО Македонски Брод | 045/274-153 |
| ПО Валандово | 034/382-415 |
| ПО Виница | 033/363-104 |
| ПО Гевгелија | 034/213-799 |
| ПО Делчево | 033/411-107 |
| ПО Демир Хисар | 047/276-511 |
| ПО Кочани | 033/274-152 |
| ПО Кратово | 031/482-101 |
| ПО Крива Паланка | 031/374-303 |
| ПО Крушево | 048/477-066 |
| ПО Куманово | 031/415-799 |
| ПО Неготино | 043/361-466 |
| ПО Прилеп | 048/422-208 |
| ПО Радовиш | 032/635-122 |
| ПО Ресен | 047/451-897 |
| ПО Свети Николе | 032/443-463 |
| ПО Струга | 046/786-027 |
| ПО Струмица | 034/347-192 |
| ПО Тетово | 044/339-050 |

[1]Подрачните одделенија на Министерството за правда на Р.М ќе започнат да пружаат бесплатна правна помош од 01.01.2012

## ЗА СТРУЧЕН СОВЕТ ЗА ПРАВОТО НА **БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ**, УСЛОВИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ, КАКО И ПОСТАПКАТА ВО КОЈА СЕ ОСТВАРУВА ЈАВЕТЕ СЕ НА БЕСПЛАТНИОТ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ:

# 0800 44 222

**Секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот**
**Бесплатна телефонска линија за промоција на правото на бесплатна правна помош**

За дополнителни информации за бесплатната правна помош можете да ги контактирате следните здруженија на граѓани:

**Македонско здружение на млади правници**
Ул. Благој Давков 2/1/1, Скопје; тел. 02/3220-870
contact@myla.org.mk; www.myla.org.mk

МладинскиКултурен Центар-Битола

**Младински културен центар - Битола**
Ул. Цар Самоил бр.29, Битола; тел. 047/233-020
mkcbt@t-home.mk; www.mkcbt.org.mk

www.nationalromacentrum.org
info@nationalromacentrum.org

**Национален Ромски центар - Куманово**
Ул. Доне Божинов бр.11/5, Куманово тел. 031/427-558
info@nationalromacentrum.org, www.nationalromacentrum.org

**Рома С.О.С – Прилеп**
Ул. Дабничка бр. 31, Прилеп; тел. 048/429-328
romasosprilep@yahoo.com; www.romasosprilep.org

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Изработката и печатењето на оваа брошура е финансиски поддржано од:
Фондација Отворено Општество - Македонија